Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

# Извадок на дел од дневни настани 29.11.2021

На 28.11.2021 во 17.30 часот на подрачјето на Центар полициски службеници од Едницата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Л.К.(19) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.11.2021 во 11.50 часот на автопатот А-1, на место викано „Клучка Прдејци", во правец Скопје–Гевгелија, од патролен тим од полициски службеници од Полициската станица за граничен премин и граничен надзор Богородица со тим од Р.Чешка биле лишени од слобода Р.Љ.(55) и А.Ќ.(46), двајцата од Куманово, бидејќи при контрола на патничко возило „мерцедес", со скопски регистарски ознаки, управувано од Р.Љ., во кое совозач бил А.Ќ., биле пронајдени три лица мигранти од Куба. Поради постоење на основи на сомневање за сторено кривично дело по чл.418 од Кривичниот законик, двете лица се приведени во полициска станица и по документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок, а лицата мигранти биле спроведени во Транзитниот центар Винојуг-Гевгелија за понатамошна постапка.

На 28.11.2021 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 49 прекршоци, од кои 32 надвор од населено место и 17 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Истиот ден, на подрачјето на СВР Штип спроведена е и акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Притоа било констатирано дека 4 возачи управувале возила под дејство на алкохол и тие биле исклучени од сообраќај, времено им биле одземени возачките дозволи и изготвени им биле прекршочни платни налози. Санкционирани биле и 24 други видови прекршоци, од кои 20 за управување возило без возачка дозвола, 2 за нерегистрирано возило и 2 за технички неисправно возило.

На 28.11.2021 во 14.50 часот на регионалниот пат помеѓу с.Подмолје и влез за автокампот „Андон Дуков", патничко возило „ландровер", со охридски регистарски ознаки, управувано од К.Т.(76) од Струга излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле возачот и сопатничката С.Т.(75) од Струга, констатирани во Специјалната болница „Св.Еразмо". Извршен бил увид на местото на несреќата од увидна екипа од СВР Охрид.

Полициски службеници на СВР Тетово вчера (28 ноември) околу 11 часот и 40 минути, во тетовско Стенче, при контрола на патничко возило „бмв", со скопски регистарски ознаки, управувано од Е.А.(18) од скопски Грчец, во кое се превезувале уште две лица од истото село на возраст од 18 години, пронајдени се два ножа, кои со потврда се одземени. Против Е.А. ќе следува соодветен поднесок од Законот за оружје.

На 28.11.2021 во 12.10 часот во Полициската станица Карпош, Д.П.(88) од Скопје пријавил дека на ул.„Бледски договор" бил каснат од куче скитник.

На 28.11.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле преземени 4 мерки, и тоа против возачи кои ја пречекориле максималната дозволена брзина во населено место. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 28.11.2021 во 14.10 часот во Полициската станица Гази Баба, В.М.(51) од Скопје пријавил дека на ул.„Маџари" бил каснат од куче скитник.

СВР Велес поднесе кривична пријава против А.Ј.(20) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекусори" по чл.215 од Кривичниот законик. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба на 25.11.2021, од страна на полициски службеници била пронајдена и одземена марихуана. Лицето е лишено од слобода и од страна на судија на претходна постапка му е одредена мерка притвор.

СВР Струга поднесе кривична пријава против Б.Д.(35) од Струга, поради постоење основано сомнение за сторени кривични дела „бесправно градење" и „узурпација на недвижност". Пријавениот, во својство на инвеститор, во текот на 2020 година на локација во с.Горна Белица, без соодветно одобрение започнал изградба на викенд куќа и зазел државно земјиште.

Поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување", ОВР Струга поднесе кривична пријава против А.К.(40) од Струга. Пријавената, како вработена во станица за технички преглед во струшкото село Мислешево, злоупотребувајќи ја својата службена положба и овластување, на физичко лице му издала одобрение за управување на туѓо моторно возило за странски државјанин. При контрола на граничен премин, било утврдено дека одобрението не е валидно и дека недостасуваат потписи од корисникот и сопственикот на возилото.

На 28.11.2021 во 00.50 часот полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода П.П.(18) од Куманово, затоа што кај него била пронајдена прашкаста метерија. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на викендот (27/28.11.2021), полициски службеници од СВР Куманово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните правила и прописи, при што на подрачјето на Куманово биле санкционирани 54 возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, 5 под дејство на алкохол, 4 управувале возило без возачка дозвола и 7 за непрописно престигнување.

На 26.11.2021 година во 17.30 часот, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода Д.Т.(19), А.Д.(19), М.С.(19) и К.К.(18), поради основано сомнение дека се сторители на кривично дело „разбојништво", извршено на 24.11.2021 во дворно место на Г.Н. во село Горно Којнаре. По целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 28.11.2021 околу 08.00 часот во СВР Велес е пријавено дека во близина на с.Вешје, неготинско, при лов, Т.Т.(50) од с.Долни Дисан испукал еден куршум кон дива свиња, но не успеал да ја погоди, по што таа го нападнала, нанесувајќи му тешки телесни повреди, од кои починал на лице место. Увид извршиле Јавен обвинител и екипа од ОВР Неготино.

На 29.11.2021 во 04.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Гази Баба, поради претходни нарушени односи, дошло до физичка пресметка помеѓу Б.С.(21) и Б.Ш.(23), двајцата од Скопје. Сочинети биле записници за констатиран прекршок по чл.11 од ЗППЈРМ.

СВР Струга поднесе кривична пријава против лицето А.Ј.(37), поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Пријавениот, во својство на сопственик и инвеститор, на локација на ул.„Славеј Планина" во Струга, во текот на 2020 година, без соодветно одобрение и спротивно на основниот проект, изградил објект.

На 28.11.2021 во 20.15 часот во СВР Скопје е пријавено дека на ул.„Ѓорги Димитров" С.М.(38) од Скопје бил нападнат со остар предмет од едно лице, кое му одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Струга поднесе кривична пријава против А.З.(59) од Струга поради постоење основано сомнение за сторени кривични дела „бесправно градење" и „узурпација на недвижност". Пријавениот, во својство на инвеститор, во текот на 2020 година, на локација во с.Горна Белица, без соодветно одобрение започнал изградба на викенд куќа и зазел државно земјиште.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Н.Б.(30) од Кичево, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 11.06.2021 на магистралниот пат Кичево - Охрид пријавениот управувал патничко возило „бмв", а не поседувал соодветна дозвола за движење во период кога има забрана за движење заради спречување на ширење на коронавирусот Ковид-19.

На 29.11.2021 во 02.15 часот во СВР Скопје Б.С.(61) од Скопје пријавил дека околу 00.50 часот во нас.Автокоманда бил физички нападнат со остар предмет од едно лице, кое му одзело пари. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Ф.М.(27) од Скопје, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 10.07.2021 полициски службеници кај Ф.М. пронашле амфетамин и МДМА.

На 28.11.2021 година во 14.35 часот во СВР Куманово било пријавено дека во местото викано „Голем камен", во атар на село Матејче, општина Липково, додека биле на лов, А.В.(37) од с.Матејче со ловечка пушка го повредил Л.С.(45) од Липково. Тој се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Општа болница Куманово. Екипа од СВР Куманово извршила увид на место на настанот и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против А.А.(30) од с.Никуштак, Липково, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 24.04.2021 тој бил затекнат во с.Никуштак како се движи без да има дозвола за движење.

На 29.11.2021 во 04.20 часот во СВР Скопје е пријавено дека од С.О.С Детско Село се оддалечил нивниот штитеник И.П.(16), кој и претходно во повеќе наврати се оддалечувал и бил враќан назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Д.З.(35) од Куманово, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 11.05.2021 во Куманово, на ул.„300", тој бил затекнат како се движи без да има дозвола за движење.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет